| | правниот основ за користење на недвижната ствар | корисникот на недвижната ствар | датум на пријавување на потребата од користење на недвижна ствар | забелешки |
|---|---|---|---|---|
| | 22 | 23 | 24 | 25 |
| | | | | |
| | | | | |
| | | | | |

**870.**

Врз основа на член 10 став 4 од Законот за финансирање на политичките партии ("Службен весник на Република Македонија" бр. 76/04), министерот за финансии донесе

## У П А Т С Т В О
## ЗА РАСПРЕДЕЛБА НА СРЕДСТВАТА ОД БУЏЕТОТ НА РЕПУБЛИКА МАКЕДОНИЈА ЗА ГОДИШНО ФИНАНСИРАЊЕ НА ПОЛИТИЧКИТЕ ПАРТИИ

Член 1

Со ова упатство се уредува распределбата на средствата за финансирање на политичките партии од Буџетот на Република Македонија.

Член 2

Политичките партии писмено го известуваат Министерството за финансии дека ги исполнуваат условите за финансирање со средства од Буџетот на Република Македонија.

Покрај известувањето од став 1 на овој член, податоци до Министерството за финансии доставуваат и генералниот секретар на Собранието на Република Македонија за избраните пратеници од секоја политичка партија и Државната изборна комисија за освоените гласови на секоја политичка партија на последните избори за пратеници во Собранието на Република Македонија.

Министерството за финансии поединечните износи на средства ги уплаќа на сметките на политичките партии пријавени во писменото известување.

Член 3

Средствата за финансирање на политичките партии од Буџетот на Република Македонија се распоредуваат на политичките партии во текот на годината, согласно динамиката утврдена од страна на Министерството за финансии.

Член 4

Исплатата согласно ова упатство може да започне кога сите политички партии кои ги исполнуваат критериумите за остварување на правото за финансирање, соодветно уредено со Законот за финансирање на политичките партии, за истото писмено ќе го известат Министерството за финансии.

Член 5

Ова упатство влегува во сила осмиот ден од денот на објавувањето во "Службен весник на Република Македонија".

Бр. 07-20290/1
14 јули 2005 година
Скопје

Министер за финансии,
м-р **Никола Поповски,** с.р.

## МИНИСТЕРСТВО ЗА ПРАВДА

**871.**

Врз основа на член 83 став 2 и член 608 став 1 од Законот за трговски друштва ("Службен весник на РМ" бр. 28/2004), министерот за правда донесе

## П Р А В И Л Н И К
## ЗА ИЗМЕНУВАЊЕ НА ПРАВИЛНИКОТ ЗА ВОДЕЊЕ НА ТРГОВСКИОТ РЕГИСТАР И ЗА НАЧИНОТ НА УПИС ВО ТРГОВСКИОТ РЕГИСТАР

Член 1

Во Правилникот за водење на трговскиот регистар и за начинот на упис во трговскиот регистар ("Службен весник на РМ" бр. 7/05) во членот 26 став 1 и во членот 28 зборовите: "01.07.2005 година" се заменуваат со зборовите: 01.01.2006 година".

Член 2

Овој правилник влегува во сила наредниот ден од денот на објавувањето во "Службен весник на Република Македонија".

Бр. 07-2397/4
19 јули 2005 година
Скопје

Министер за правда,
**Мери Младеновска - Ѓорѓиевска**, с.р.